Република Северна Македонија
ЈУ Специјален завод ДЕМИР КАПИЈА
Бр. 04 - 9117
12.05. 2025 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 10 и член 45 од Законот за административни службеници (,,Службен весник на Република Македонија ,, бр.27/14,бр199/14,бр.48/15,бр.154/15,бр.5/16,бр.142/16 и бр.11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19,бр.14/20,бр.251/21 и бр.99/22 ) , ВД Директорот на ЈУ Специјален завод Демир Капија на ден 12.05.2025 година донесе :

# ОДЛУКА
## за невршење на избор на кандидат за вработување на административен службеник по Јавен оглас бр. 78/2025

1.По објавениот Јавен оглас бр.78/2025 на ден 27.03.2025 година на веб страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници,Вечер,Нова Македонија и Коха за потреба од вработување на административен службеник еден (1) извршител во ЈУ Специјален Завод Демир Капија на работно место 01. СО30102В1006 советник за јавни набавки,Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси,Служба за административни и помошно технички работи **не се врши избор на кандидат поради немање на кандидат кој се квалификувал за вработување.**
2.Одлуката се објавува на интернет страната и на Огласната табла на Агенција за администрација .
3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување

Образложение

Агенцијата за администрација по барање на ЈУ Специјален завод Демир Капија на ден 27.03.2025 година во дневните весници , Вечер,Нова Македонија и Коха како и на интернет страната на Агенција за администрација објави јавен оглас бр. 78/2025 година за вработување на административен службеник ,1 извршител во ЈУ Специјален Завод Демир Капија на работно место СО30102В1006 советник за јавни набавки,Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси,Служба за административни и помошно технички работи.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со Решение од Агенцијат за администрација бр.10-107/7 од 04.04.2025 година ,спроведе постапка за административна селекција за административен службеник со Записник бр.10-107/8 од 14.04.2025 година за Огласот бр. 78/2025, при што утврди дека за работното место СО30102В1006 советник за јавни набавки,Оддел за административни работи и управување со човечки ресурси,Служба за административни и помошно технички работи,се пријавиле вкупно 3(три) кандидати ,од кои во втората фаза продолжи само еден кандидат,а двајца од пријавените кандидати се неуредни.

На ден 30.04.2025 година Комисијата за селекција состави Записник бр.10-107/9 од спроведениот испит за административниот службеник по Оглас 78/2025 година ,во кој констатира дека единствениот кандидат не се појави на испитот за административен службеник по овој оглас , немаше ниту еден кандидат да продолжи во третата фаза и од страна на комисијата е констатирано нема кандидат кој се квалификувал за вработување по огласот,па се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против Одлуката кандидатите имаат право на жалба до Агенцијата за администрација ,во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страната и на Огласната табла на Агенцијата за администрација

ЈУ Специјален Завод Демир Капија
**ВД Директор**
**Валентина Крстевска**

Доставено до:
-Агенција за администрација
-Архива на ЈУ Специјален завод Демир Капија